Совет на Општина Делчево
Број 09-2193/2
20.11.2019 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
## од одржаната 31.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 20.11.2019 година (среда), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Вице Стоиловски

Неоправдано отсутен:Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 31.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записникот од 30.седница

1. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка;
2. Предлог-Одлука за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад;
3. Предлог-Решение за именување на член на Управниот одбор на Меѓуопштинска установа Центар за социјални работи Делчево;

**Образлагач**: По точките 1,2 и 3- Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

4. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;

**Образлагач**: Анка Христова-раководител на Одделението за финансирање и буџет.

5. Предлог-План на Програма за развој на Општина Делчево за 2020 година;

**Образлагач**: Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам.

6. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект;
7. Предлог-Одлука за пренамена на финансиски средства и ко-финасирање на проектот: „Набавка на машина за чистење на улици“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност

**Образлагач:** По точките 6 и 7-Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.

8. Деветмесечен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2019 - 30.09.2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

9. Измени на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Павле Станковски;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Џелал Садулов;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Марјанчо Ѓеорѓиевски;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 2 по барање на Ристо Тренчев;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Јанков Златко;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Фиданчо Димитровски;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Златан Дисевски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 4 по барање на Златан Дисевски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Стоил Златковски;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект

зграда број 1 по барање на Миле Тодоровски;

20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Драги Митевски;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 3 по барање на Славе Стоилов;
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Јанков Благој;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Драго Стоименовски;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Митко Златковски;
25. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 4 по барање на Боце Ангеловски;
26. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Благојчо Цурев;
27. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Гоце Митевски;
28. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Миле Стоиловски;
29. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда за селско стопанство зграда бр.2 по барање на Миле Стоиловски;
30. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.3 по барање на Миле Стоиловски;
31. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.4 по барање на Миле Стоиловски;
32. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.4 по барање на Лупчо Стефановски;
33. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект со намена А4

викенд куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Петровски;

34. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект гаража зграда бр.2 по барање на Звонко Петровски;
35. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за сместување на земјоделски производи и засолнување на луѓе зграда бр.1 по барање на Душко Стојчевски;
36. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Мирко Стоилов;
37. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 1 по барање на Мирко Стоилов;
38. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Ване Спировски;

Образлагач: По точките од 10 до 38 Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

39. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Љупчо Бојановиќ;

Образлагач: Драган Маневски – Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот Дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по беше затворена и дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Дневниот ред за 31.седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по записникот од 30.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од 30.седница беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, „против“ и „воздржани“ нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 30.седница на Советот на Општина Делчево.

Прва точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

Точката ја образложи Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека со одлука на Советот на Општина Делчево, тааа била определена како член на заедничката Комисија за изготвување на Предлог-актот за конституирање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад и предлог-договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово. Комисијата одржала состанок и врз основа на предлозите и консултациите изготви и предложи до советите на општините 2 одлуки кои се на дневен ред на денешната седница и на Советот на општина Делчево. Првата одлука се однесува на воспоставување на меѓуопштинска соработка и му предлагам на Советот на Општина Делчево да ја усвои, истакна И.Ивановска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против“ и „воздржани“ нема, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Втора точка-Предлог-Одлука за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад;**

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека оваа одлука се однесува на основање на ЈП за регионално управување со отпад „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ“ со седиште во Општина Свети Николе има скратен назив на претрпијатието ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе. Износот на средства за основање на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе е 3 000 000 денари, а средствата ги обезбедуваат општините- основачи во пропорционален износ со бројот на население, според последниот Попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Износот предводен за учество на Општина Делчево е 140.737 денари.
ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе врши дејности за собирање, обработка и отстранување отпад; обновување материјали; дејности за санација и останати услуги на управување со отпад; пиоритетна дејност ќе биде обработка и отстранување безопасен отпад.
Во Одлуката се предвидува да има 6 претоварни станици кои се организирани како подружници, и тоа:
-Претоварна станица (ПС) Подружница Берово- за Општина Берово и Општина Пехчево
-Претоварна станица (ПС) Подружница Македонска Каменица- за Општина Македонска Каменица и Општина Делчево
-Претоварна станица (ПС) Подружница Виница- за Општина Кочани, Општина Виница, Општина Зрновци, Општина Чешиново- Облешево, за ПС Берово и ПС Македонска Каменица
-Претоварна станица (ПС) Подружница Ранковце- за Општина Крива Паланка, за Општина Кратово и за Општина Ранковце
-Претоварна станица (ПС) Подружница Куманово- за Општина Куманово, Општина Липково, Општина Старо Нагоричане и ПС Ранковце.
-Претоварна станица (ПС) Подружница Штип- за Општина Штип и Општина Карбинци.
Финансирањето на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе се врши од остварени сопствени приходи на претпријатието, од буџетите на општините основачи во пропорционален износ согласно закон, од донации и спонзорства и од други извори на приходи.
Органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење (Надзорен одбор) и директор.
Управниот одбор се состои од 15 (петнаесет) членови кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат заедничкото јавно претпријатие. Рокот за донесување на Статутот и именувањето на органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” е 90 дена од денот на уписот во Централниот регистар на РСМ.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша што се подразбира под шифрата 38.3 Обновѕање на материјали?

Ивана Ивановска рече дека чифрата 38.3 е подшифра на шифрата 38 коа според Шифрарникот на Централен регистар е Дејност за собирање, обработка и отстранување на отпад и обновување на материјали и дека подетално ќе биде образложено со Статутот на претпријатието.

Драган Маневски рече дека во Одлуката се наведени дејности кои се однесуваат на отпадот согласно или според Шифрарникт од ЦРРСМ.

Ванчо Велиновски праша врз основа на кои критериуми е определено колку членови ќе има во УО на ова претпријатие?

Ивана Ивановска рече дека Упавниот одбор и Одборот за материјално-финансиско работење на

ЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ се определени врз основа на договор помеѓу градоначалниците на сите општини од Источниот и Североисточниот регион, едни општини ќе имаат членови во управниот, а други членови во надзорниот одбор.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со Со 13 гласа „ЗА", против" и „воздржани" нема, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад.**

**Трета точка-Предлог-Решение за именување на член на Управниот одбор на Меѓуопштинска установа Центар за социјални работи Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека Советот на Општина Делчево во овој состав има донесено Решение за именување на член во УО на Меѓуопштинска јавна установа Центар за социјални работи Делчево. Со новите измени на Законот за социјална заштита се предвидува членот во УО на Центарот за социјални работи да исполнува определни услови и да биде вработен во општинската администрација. За таа цел пред вас е Предлог-Решение за разрешување на претходниот член и именување на нов чле во УО на ЦСР Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јјави за збор, расправата беше затворена и точката ставенана гласање.

Со Со Со 12 гласа „ЗА", против" и „воздржани" нема, Советот на Општина Делчево го донесе **Решението за именување на член на Управниот одбор на Меѓуопштинска установа Центар за социјални работи Делчево.**

**Четврта точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-раководител на Одделението за финансирање и буџет која рече дека оваа измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година е врз основа на Барање од страна на двете основни училишта, а се однесува на платите и придонесите. Имено, се минусираат средства од ставките на основни плати и други вработени и персонален данок на доход од плата, а се додаваат на ставките за придоеси.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против" и „воздржани" нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година.

**Петта точка-Предлог-План на Програма за развој на Општина Делчево за 2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам кој рече дека ова е план на Програма за развој на Општина Делчево за 2019 и за 2020 година, а асе донесува на изградба на Градски пазар кој ќе има отворен и затворен дел. Цели кои ќе се постигнат со реализација на овој проект се зголемување на конкурентноста на цените и квалитетот на производите, акко и зголемена услуга на купувачите и зголемување на комодитетот при пазарење. Вкупната вредност на буџетот е 34.905.466,00, техничкаата документација е изработена. Седум милиони денари се обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка и рурален развој и 11 милиони од Буџетот на општина Делчево. Планот е да се почне со активности во 2020 година кога може делумно да се стави во функција (да се изградат темели, бетонски работи, пристапи и челичната конструкција), а целиот проект да заврши во 2021 година. Доколку имате прашања, повелете, рече З.Атанасов.

Претседателот отвори врасправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која го праша образлагачот кои се тие други извори на

финансирање кои се наведени во табелата?

Звонко Атанасов рече дека во други извори на финанисрањесе средствата обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка и рурален развој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздражани, нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на **Планот на Програмата за развој на Општина Делчево за 2020 година.**

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект;**

Оваа точка ја образложи Тони Стоименовски кој рече дека со оваа одлука се утврдува приоритет на проект Изработка на Студија и техничка документација за водоснабдување на Зимски рекреативен центар Голак“ за аплицирање до Фондот за техничка документација кој се спроведува како дел од проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“, финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА). Повикот објавен од СИДА трае до крајот на месец ноември и ние како општина ќе аплицираме за средства до 30.000 евра за изработка на техничка документација, но кон формуларот за апликација потребно е да се поднесе оваа одлука како придружен документ.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на проект;

**Седма точка-Предлог-Одлука за пренамена на финансиски средства и ко-финасирање на проектот: „Набавка на машина за чистење на улици“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој кој рече дека оваа точка е дискутирана неколку пати и се однесува за грант од Светска Банка од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност. Како што ви е познато на 1 од претходните седници Советот на Општина Делчево донесе одлука за тие средства во висина од 1,852.635,00 денари да бидат наменети за изградба на градската капела. За изградба на Градската капела беа објавени два повика по стандарди на Светска Банка. На едниот повик не се јави ниту 1 фирма, а на вториот повик се јави само1 фирма со понудена сума двојно поголема од предвидената. Општина Делчево ги поништи и двата повика и во консултации со Светска банка ни беше сугерирано дека средствата кои беа предвидени за изградба на Градската капела можат да се пренаменат за опрема, во случајот набавка на машина за чистење на улици, а за изградба на капелата да се распише тендер преку Бирото за јавни набавки. Другите средства за набавка на машината ќе бидат од ЈКП „Брегалница“, донатор или од Буџетот на Општина Делчево, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали тоа значи дека капелата нема да се изгради?

Т. Стоименовски рече дека одговорот е не и дека тој спомнал во образложението дека за капелата ќе биде распишан тендер преку Бирото за јавни набавки.

Дијана Јосифовски праша дали тоа значи одлагање на изградбата на капелата и дали образлагачот може да каже до кога ќе биде изградена?

Т. Стоименовски рече дека за неколку дена ќе биде распишан тендер за изградба на капелата

преку Бирото за јавни набавки и дека очекувањата на општината се до крајот на летото 2020 година капелата да биде изградена.

Билјана Ѓеоргиевска праша кога ќе биде набавена машината за чистење и метење на улици?

Т.Стоименовски рече дека Општината ќе ја поднесе апликацијата до 29 ноември и доколку биде одобрена апликацијата во декември месец ќе се распише тендер за набавка на машината.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за пренамена на финансиски средства и ко-финасирање на проектот: „Набавка на машина за чистење на улици“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност.

**Осма точка-Деветмесечен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2019 -30.09.2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека денес на дневен ред е 9 месечниот извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево и се однесува на периодот 01.01.2019 година до 30.09.2019 година. Вкупниот број на вработени е 80 во редовен работен однос и 11 преку АПВ.Споредбената анализа на приходите иврасходите покажува дека ЈКП „Брегалница“-Делчево заклучно со 30.09.2019 година остварило позитивен финансиски резултат со добивка од 2.941.911,00 денари. Од страна на советничката група на ВМРО ДПМНЕ беше доставено барање за доставување на споредбени показатели на приходите и расходите за претходните години, цитирајќи член од Законот за јавни претпријатија иако не е наведено кој член. И покрај тоа што во Законот за јавни претпријатија не постои таков член, ние доставивме компаративна анализа на остварени приходи и расходи и тоа за 2015,2016, 2017 и 2018 година. Од тие податоци може да се види дека приходите за вода се зголемени  во однос на сите претходни години, како резултат на покачувањето на цената а водат, но и како резултат на зголемената потрошувачка и издадени фактури за потрошена вода. Исто така се зголемени и приходите од канализација, од фактурирање на смет, од приклучок на водовод, приходи од магацин, приходи од одржување на Граничен премин. На  некои ставки во приходниот дел во иднина очекуваме намалување на приходите од оправдани причини, за приходи од такса од полигон за полагање (лиценца има добиено друг субјект) и приходи од резервации на гробни места затоа што наша интенција е во иднина да не се прават резервации. Доколку во овој дел имате некои прашања, сметководителката е тука, ќе ви даде одговор, рече директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Што се однесува до расходниот дел има значително зголемување на ставката 400 Потрошени материјали и суровини 1.122.817,00 денари наспроти 757.146,00 денари, а тоа се должи на набавката на активен јаглен и кварцен песок што беа набавени и ставени во резервоарите за вода кои воопшто не беа чистени речиси 20 години. Исто така значително зголемување на расходите има на ставката 413 Трошоци за одржување во износ 517.081,00 денари наспроти 146.131,00 денари. Тука спаѓа набавката на алуминиум сулфат и хлор кои беа набавени за прочистување и подобрување на квалитетот на водата од Лошана бидејќи како што знаете сите летото немаше врнежи и водата беше со лош квалитет. На ставката 419 останати услуги има зголемување од 1.706.137,00 на 3.015.828,00 и тука се трошоците за привремени вработувања, трошоци кон ЕВН, адвокатски трошоци и сл. На ставката 440 се трошоците за службени патувања на вработените во државата и странство и трошоци за обука на вработени во Благоевград. На ставката 444 се трошоците за репрезентација, спомнав и минатиот пат дека ЈКП има обврска да ги плаќа трошоците за ручек на Проектната единица на Проектот за водоснабдување.  На ставката 449-останати трошоци од работењето се прикажани трошоците за затезни камати од УЈП за лица на кои (не по нивна вина) им бил прекинат работниот однос. Вкупните расходи во извештајниот период се 31.718.501,00

денари.

Компаративната анализа на класа 2 ги покажува обврските на ЈКП во периодот од 2015 до 2019.

На ставката 220 краткорочни обврски има зголемување за машината што ја набавивме-ровокопачот (5.300.000,00 денари), дефект за истата 40.000 и транспорт или вкупно 60.000 денари. На ставката 288 долгорочни обвртски за даноци е долгот што го има ЈКП кон УЈП којшто во изминатиов период воопшто не бил плаќан. Ние во изминатиов период имаме платено 3 милиони денари плус секој месец редовно ја плаќаме и ратата од 211.210,00 денари, а исто така имаме и инвестиции во износ од 14 млиои денари (набавка на машини и возила). Тоа е најдобра споредба во однос на претходните години, претходнитевраководни структури имаат оставено само долгови и ништо друго, за разлика од сега кога ЈКП успешно го сервисира долгот и има инвестиции, рече на крајот на своето образложение директорот на ЈКП Стојче Стојковски.

Претседателот отвори расправа по точката и за бзор се јави Кристи Стојковски која бараше детално образложение на расходната ставка 419 (3.015.828,00 денари).

Одговор на ова прашање даде Марија Сумрачка-одговорен сметководител во ЈКП „Брегалница“ и кажа дака на оваа ставка се трошоци за адвокатски услуги, услуги од приватни лица,трошоци за регистрација, трошоци за карго, трошоци за резервни делови.

Славица Димитрова побара синтетика за ставката 404 резерви делови и праша дали се набавени несоодветни возила или, пак, во прашање е нестручно и несоодветно ракување и управување со истите и за ставката 415- трошоци за комунални услуги и дезинфекција. Таа исто така праша зошто во повеќе ставки (во образложеније на директорот) биле спомнати резервните делови и трошоците за репрезентација, трошоците за дезинфекција и за електрична енергија?

Одговор на ова прашање даде директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево којшто рече дека при чистењето на депонијата Ралова Чука се случило дефект на новата машина. Истата била КАСКО осигурана и е сервисирана во гарантниот рок. Што се однесува за тоа дека на повеќе ставки се прикажани некои трошоци, тој рече дека трошоците за дезинфекција се само на 1 ставка и таа е извршена во 2015 година, трошоците за семинари се исто така на 1 ставка.

Марија Сумрачка даде одговор на прашањето на Славица Димитрова за тоа дека на повеќе ставки се прикажани трошоци за електрична енергија и рече дека тоа се средствата кои се прибираат по основ на улично осветлување и јавна чистота и кои ги има и на приходните и на расходните ставки.Практично трошоците за јавна чистота се анулираат со приход, рече таа.

Билјана Ѓеоргиевска побара одговор (синтетика) за ставката 400-Потрошени материјали и суровини, одговор даде Марија Сумрачка која рече дека тука се ставени сите материјали кои се потрошени во текот на работењето во браваријата, Сектор за вододовод и канализација, трошоци за градежни материјали, трошоци за градски гробишта и др.материјали потребни за секојдневното работење.

Билјана Ѓеоргиевска праша колку време има употребна вредност кварцниот песок и активниот јаглен?

Директорот на ЈКП рече дека тоа зависи од повеќе фактори, но ккао и дае на секои 4-5 години треба да се менува. Досега, во изминатите години активен јаглен не бил набавуван воопшто, а кварцен песок бил набавуван пред 7-8 нгодини. Сега ние набавивме 18 тони, рече директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Влатко Величковски истакна дека Деветмесечниот извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево е добар, остварена е финансиска добивка од 2. 941.911,00 денари, за 2 години набавени се 2

возила по речиси 20 години, набавена е машина ровокопач, платени се заостанатите долгови и успешно се сервисира месечната рата кон УЈП. Исто така, набавени се големи количини на активен јаглен и кварцен песок за подобрување на квалитетот на водата и навистина не гледам потреба за поставување на вакви прашања, рече тој.

Сашко Јовановски праша дали добивката во износ од 2. 941.911,00 денари значи дека ЈКП „Брегалница"-Делчево ги има на сметката?

Марија Сумрачка рече дека таа состојба е до 30.09.2019 година и жирално средствата ги нема, но сепак тоа е добивка.

Кирил Тренчевски рече дека фирмата е во добра кондиција, Извештајот на ЈКП е за пофалба бидејќи во изминатиов период е остварена добивка од околу 3 милиони денари. Претходно Тони Стоименовски во врска со неговата точка на дневен ред образложи дека за набавка на машина за метење општината пренаменува средства во износ од 1.852.635,00 МКД, кои беа наменети за капелата и затоа сакам да прашам дали ЈКП „Брегалница"-Делчево може добивката да ја реинвестира потоа за Градската капела?

Марија Сумрачка рече дека со одлука на Управен одбор добивката на ЈКП „Брегалница" може да се реинвестира за изградба на Градската капела.

Сашко Ивановски праша коллку приходи и расходи остварила новата машина-ровокопачот досега?

Марија Сумрачка рече дека се потрошени 94.828,00, за дефектот околу 60.000,00 денари, а приходи 0 бидејќи во овој период машината не била користена за вршење на услуги на физички лица или на други правни лица и истата била користена само за вршење работи за потребите на ЈКП и Општината.

Драган Маневски истакна дека машината е набавена за потртебите на ЈКП „Брегалница" и со неа се врши ископ за поставување на канализација како и други работи.

Ванчо Велиновски рече дека машината мора да има и приходи, а не само расходи. За секоја машина треба да се издава налог за работа и секоја машина има цена на чинење.

Кирил Тренчевски рече дека машината не може да оставрува приходи кога работи само за сопствени потреби.

Претседателот апелираше до сите членови на Советот да дискутираат за извештајот, да не влегуваат во меѓусебни дуели и секој прво да побара збор па потоа да дискутира.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали новите возила се платени во готово?

Директорот рече дека за 1 возило е дадено учество од 2 милиони денари, а останатиот дел ќе се плаќа на 24 рати по 160.000,00 денари, а рокот за плаќање на другото возило е 60 дена по издавањето на фактура.

**Деветта точка-Измени на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која истакна дека во Годишниот план за вработување на ЈЛБ, нема разлика во однос на претходно донесениот план. Во материјалите што ви се доставени во, Табела 1 нема промени,во Табелата 2 нема измени, Табела 3 нема, Табела 4, наместо ДА треба да стои НЕ, Табела 5 нема измени и во Табела 6 се додава едно место-хигиеничар. Табелата 7- бгројот на работни места кои треба да се пополнат преку нови вработувања во следната година изнесува 5.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за бзор, расправата по точката беше затворена и Измените на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година, со измените беа ставени на гласање.

Со 11 гласа „ЗА" и 3 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево, го донесе Заклучокот за усвојување на Измените на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година.

**Десетта точка -Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Павле Станковски;**

По оваа точка и наредните точки до 38 немаше обрзложение бидејќи образлагачот не беше присутен.

Претседателот ја стави на гласање точка 10.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Павле Станковски.

На гласање беше ставена и точка **11.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Џелал Садулов**;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **12.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Марјанчо Ѓорѓиевски**;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **13-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 2 по барање на Ристо Тренчев**;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **14-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Јанков Златко**;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **15-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Фиданчо Димитровски**;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **16-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Златан Дисевски;**

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

На гласање беше ставена и точка **17-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 4 по барање на Златан Дисевски;**

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Стоил Златковски;

На гласање беше ставена и точка 19.-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 1 по барање на Миле Тодоровски;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 20.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Драги Митевски;

На гласање бееше ставена и точка 21.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 3 по барање на Славе Стоилов;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка-22.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Јанков Благој;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 23.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Драго Стоименовски;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 24.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Митко Златковски;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 25.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 4 по барање на Боце Ангеловски;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 26.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Благојчо Цурев;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 27. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Гоце Митевски;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точка 28.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Миле Стоиловски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точка 29.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда за селско стопанство зграда бр.2 по барање на Миле Стоиловски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точката 30.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.3 по барање на Миле Стоиловски;

Истата беше усвоена со 12 гласа „ЗА“,против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точка 31.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.4 по барање на Миле Стоиловски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и 32. точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.4 по барање на Лупчо Стефановски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точка 33.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект со намена А4 викенд куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Петровски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точката 34.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект гаража зграда бр.2 по барање на Звонко Петровски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема.

На гласање беше ставена и точка 35.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за сместување на земјоделски производи и засолнување на луѓе зграда бр.1 по барање на Душко Стојчевски;

Истата беше усвоена со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема

На гласање беше ставена и точка 36.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Мирко Стоилов;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставена и точката 27-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда број 1 по барање на Мирко Стоилов;

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставеа и точка **38.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Ване Спировски;**

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

**Триесет и деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Љупчо Бојановиќ;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски – Претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека до Советот на Општина Делчево е доставено барање за финансиска помош за наставникот Љупчо Бојановиќ кој боледув од ретка болест и му е потребна операција во странство. Тој рече дека во врска со овој случај имале координација со координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, а исто така ги информираше и членовите на Советот дека разговарал и со Градоначалникот. Во консултација со Одделението за финансии се предлага сумата што ќе ја додели Советот на Општина Делчево да биде 30.000 денари. Случајот ни е познат на сите и ќе ве замолам сите членови на Советот да не го користиме овој случај за меѓусебни препукувања, политички маркетинг и надгласувања, истакна претседателот на Советот.

За збор се јави Сашко Ивановски координатор на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и истакна дека за овој случај треба да се доделат повеќе средства бидејќи навистина се потребни повеќе финансиски средства.

Претседателот на Советот рече дека се согласува со предлогот на советникот С.Ивановски, дека е добро да се доделат повеќе средства, но идека согласно моменталната финансиска состојба, Советот може да одобри 30.000 денари, средства кои можат веднаш да бидат исплатени.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за бзор, оваа точка беше ставена на гласање и истата беше усвоена едногласно со 14 гласа „ЗА“.

Со исцрпување на Дневниот ред, 31.седница на Советот на општина Делчево заврши со работа во 15:47 часот.

**Записникот го водела** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Снежана Трајкова** **Претседател,**

Драган Маневс